# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот јануари – март 2026 година

мај, 2026 година

## СОДРЖИНА

1. Резиме
2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)
   а) Собрание
   б) Управен одбор
   в) Надзорен одбор
   г) Комисија за образование, обука и публикации
   д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
   ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
   е) Комисија за стандарди за ревизија
3. Судски постапки
4. Други релевантни информации

## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот јануари– март 2026 година, беа усвоени следните:

- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2025 година.
- ✓ Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2025 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2025 година.
- ✓ Одлука за одобрување на Препорака за зачленување на Друштво за ревизија и бизнис консалтинг НАМИ АДВАЈЗОРИ ДОО Скопје.
- ✓ Одлуки за одобрување на Препораки за зачленување на овластени ревизори – трговци поединци: ТП АКСИС АУДИТ – Скопје и ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА - Охрид.
- ✓ Одлуки за одобрување на Препораките за зачленување во ИОРРСМ на лицата: Александра Бакулеска, Драган Панев и Јорданчо Јаќимовски.
- ✓ Одлуки за одобрување на Препораките за престанок на членство во ИОРРСМ на овластени ревизори: Зорица Трпковска, Гордана Витанова и Роза Попова Ристевска.
- ✓ Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Јавна опомена за овластен ревизор Владимир Зоговиќ.
- ✓ Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот октомври – декември 2025 година.
- ✓ Циркуларно писмо број 1 (ревидирано во март 2026) - Законски барања за содржината на извештајот на овластениот ревизор вклучително давање мислење за конзистентност на годишниот извештај на работење со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи согласно Закон за ревизија.
- ✓ Циркуларно писмо број 2 (ревидирано во март 2026) - Унифицирање на повикувањето на рамката за финансиско известување во извештајот на овластениот ревизор при вршење на законски ревизии.
- ✓ Циркуларно писмо број 8 - Ротација на овластените ревизори согласно барањата на целокупната регулатива во државата (Закон за ревизија, Закон за банки, Закон за супервизија во осигурувањето итн..), како и барањата на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители.

- ✓ Циркуларно писмо број 9 - Повикување на Меѓународните стандарди за ревизија во параграфот за Основата за мислење
- ✓ Одлука за издавање уверение за ревизор за лицето Ивана Денковска.

## НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ

На 20.01.2026 година, од страна на ИОРРСМ до сите овластени ревизори, членови на ИОРРСМ беше испратена покана со линк за приклучување на едукативна платформа *eLearning course World Bank Group’s Open Learning Campus* на покана на Centre For Financial Reporting Reform (CFRR).

На 28.01.2026 година од страна на ИОРРСМ до сите овластени ревизори, членови на ИОРРСМ, беше испратена официјална информација за поволности поврзани со аплицирање во АССА, која поволност ја добиваат со членството во ИОРРСМ.

На 02.02.2026 година, во име на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија (СУНСП), ИСОС беше домаќин на координативен состанок во врска со примената на МСФИ и предизвиците во практиката. Целта на состанокот е беше да се разменат ставови за тековната примена на МСФИ и да се изнајдат можни насоки за понатаношна координација. Како претставници на ИОРРСМ присуствуваа членовите на управниот одбор на ИОРРСМ: Љубица Јоанидис, Јане Иванов, Антонио Велјанов и Владимир Соколовски.

На 03.02.2026 година од страна на ИОРРСМ, до сите овластени ревизори, членови на ИОРРСМ беше испратена покана за учество на двочасовен бесплатен вебинар со наслов *IAASB Update: Recent Amendments Across Quality Management, Fraud, Going Concern, Group Audits, Sustainability Assurance, and LCE, организиран од (CFRR) во соработка со IFAC and IAASB.* Вебинарот ги истражуваше импликациите во праксата и примената на новите ажурирани МСР.

Во периодот од 18-21 февруари 2026 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и Драган Димитров, член на ИОРРСМ и претходен претседател на ИОРРСМ на покана на The Accounting Union of Georgia, присуствуваа на Конференција со наслов *International Research and Practice Conference and the FINANCE GALA 2026*, одржана во Тбилиси, Грузија. Централна тема на конференцијата беше *Financial Trust Ecosystem 2026: Digital Technologies, Ethics, and Institutional Dialogue,* каде што свое обраќање имала и Гувернерката на Народна банка на Грузија, а претседателот Ненад Тортевски учествуваше во панел дискусија. Дополнително при посетата исто така претседателот на ИОРРСМ имаше обраќање во рамките на комисијата за финансирање при Грузискиот парламент, каде што беше организирана посета од страна на Accounting Union of Georgia. Покрај официјалниот дел на конференцијата, претставниците на ИОРРСМ остварија низа посети на други организации средби со нивните претставници како: претседателот на управниот одбор на *Accountants club Forum* кој што брои повеќе од 12.000 членови, со член на Управниот одбор на *Georgian Federation of Professional Accountants and Auditors* и воедно претседател на Комисијата за оданочување, претседателот на *Financial Managers of Azerbaijan која е* членка на IFAC.






Како теми за дискусија биле разменети состојбите на грузискиот пазар за ревизија, законската рамка, можностите за меѓусебна соработка и дуги прашања од интерес на професијата.

Во периодот од 2-4 март 2026 година, заменик – претседателот на ИОРРСМ Јане Иванов и Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ и координатор за соработка со професионални тела и образовни институции, остварија посета на неколку релевантни институции во рамки на посетата на Република Грција. Целта на посетата беше продлабочување на регионалната и меѓународната соработка во областа на сметководството и ревизијата, како и воспоставување нови партнерства со професионални и регулаторни тела, каде што на 3 март 2026 година беше потпишан **Меморандум за соработка** помеѓу ИОРРСМ и SOEL - Institute of Certified Public Accountants of Greece (SOEL).








Во текот на средбите остварени со релевантните тела, вклучително и грчкото регулаторно тело Hellenic Accounting and Auditing Standards Oversight Board (HAASOB), беа дискутирани можностите за заеднички проекти и професионални иницијативи, размена на знаења, експертиза и добри практики во ревизијата и надзорот, усогласување на професионалните стандарди и регулативи со европското законодавство, како и поддршка за иницијативи на ИОРРСМ во рамки на регионални и меѓународни мрежи и потенцијални програми за обука и сертификација со заедничка организација.

На 17.03.2026 година, Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и Генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровка одржаа состанок со Adrian Lim, IFAC Global Head, Member Engagement and Experience и Jelena Misita, Chair of the IFAC PAO Development & Advisory Group за разгледување на прашања поврзани со ажурирање и усогласеност со МСР, други релевантни стандради и Меѓународниот кодексот за етика на IFAC.

На 05.04.2026 година во просториите на ИОРРСМ беше одржан состанок помеѓу претставници на Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) и контролорите на квалитет, заедно со претставници на стручната служба на ИОРРСМ за запознавање со можности за техничка соработка и производи кои што ги нуди ЦРРСМ, а се од интерес за работата на ИОРРСМ.

На 24.03.2026 година во просториите на ИСОС беше одржан состанок со Anneliese Viorela Voinea и Natalia Konovalenko, консултанти на CFRR/World Bank на кој присуствуваа Претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски, Генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, како и проф. Зорица Божиновска Лазаревска за дискусија во врска со активности предвидени во рамките на програмата EAASURE.

## Испит за стекнување звање ревизор

За прв пат во 2026 година се спроведе вонредна испитна сесија во март.

На 24 и 26 март 2026 година, беше спроведено полагањето на испитот за оваа испитна сесија. Во овој извештаен период едно лице се стекна со уверение за ревизор, откако ги положи сите 8 делови од Програмата за полагање на испитот.

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Собрание

37-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) беше закажана на 27.03.2026 година. Бидејќи не беше одезбеден потребниот кворум за работа на Собранието, согласно член 22 од Статутот на ИОРРСМ, истата беше презакажана и се одржа на 02.04.2026 година.

### б) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 266-та, 267-та, 268-та, 269-та, 270-та, 271, 272, 273, 274-та седница на кои што ги усвои/одобри следните:

- Одлуки за одобрување на Препораките за престанок на членство во ИОРРСМ на овластени ревизори: Зорица Трпковска, Гордана Витанова и Роза Попова Ристевска.
- Одлуки за одобрување на Препораки за зачленување на овластени ревизори – трговци поединци: ТП АКСИС АУДИТ – Скопје и ТП СМАРТ РЕВИЗИЈА - Охрид.
- Одлуки за одобрување на Препораките за зачленување во ИОРРСМ на лицата: Александра Бакулеска, Драган Панев, Јорданчо Јаќимовски.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Јавна опомена за овластен ревизор Владимир Зоговиќ.
- Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот октомври – декември 2025 година.
- Предлог на Комисијата за стандарди за ревизија до Управниот одбор на ИОРРСМ за ажурирање на преводот на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители (издание 2025 година).
- Циркуларно писмо број 1 (ревидирано во март 2026) - Законски барања за содржината на извештајот на овластениот ревизор вклучително давање мислење за конзистентност на годишниот извештај на работење со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи согласно Закон за ревизија.
- Циркуларно писмо број 2 (ревидирано во март 2026) - Унифицирање на повикувањето на рамката за финансиско известување во извештајот на овластениот ревизор при вршење на законски ревизии.
- Циркуларно писмо број 8 - Ротација на овластените ревизори согласно барањата на целокупната регулатива во државата (Закон за ревизија, Закон за банки, Закон за супервизија во осугурувањето итн..), како и барањата на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители.
- Циркуларно писмо број 9 - Повикување на Меѓународните стандарди за ревизија во параграфот за Основата за мислење.
- Одлука за одобрување на предлог за ослободување од обврска за присуство на континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2025 година, за овластен ревизор Тијана Наумовска.
- Одлука за издавање уверение за ревизор за лицето Ивана Денковска.
- Предлог - Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2025 година.

Управниот одбор ги разгледа Извештајот за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитна сесија – септември/октомври 2025 и Извештајот за испитот од испитна сесија - декември 2025 година, усвоен од Комисијата за спроведување на испитот, Планот за спроведување на испитот од страна на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2026 година.

Управниот одбор разгледуваше предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## в) Надзорен одбор

Надзорниот одбор на ИОРРСМ ги одржа 49-та и 50-та седница на кои што беа разгледани: Бруто билансот со состојба на 31.12.2025 година, со вклучени приходи и расходи до 30 јануари 2026 година што се однесуваат за 2025 година, Годишна сметка за 2025 година и Даночен биланс (пред и по доставување до надлежните институции).

Надзорниот одбор ги разгледуваше и Нацрт Извештајот на ревизорот и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која што завршува на 31 декември 2025 година, Предлог Годишниот извештај за работа на ИОРРСМ за 2025 година и Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година.

Надзорниот одбор изготви Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРСМ за 2025 година и разгледуваше други прашања поврзани со сметководствената евиденција и работењето на ИОРРСМ.

## г) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Подготви и одобри Билтен на ИОРРСМ за периодот октомври-декември 2025 година.
- Усвои Извештај за спроведување на Континуирано професионално усовршување во 2025 година.
- Усвои предлог Годишна програма за КПУ за 2026 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот - испитна сесија декември 2025 година, доставен од координаторот проф. д-р Марина Трпеска и ги утврди резултатите од испитната сесија декември 2025 година.
- Усвои Список на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор на ИОРРСМ согласно утврдените резултати во испитна сесија – декември 2025 година, што се доставува до Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори за натамошна постапка.
- Ги разгледа доставените барања и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавениот повик за пријавување на кандидати, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Усвои План за спроведување на испитот од страна на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за 2026 година.
- Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за вонредната испитна сесија - март 2026 година. На 24 и 26 март 2026 година, беше спроведено полагањето на испитот за стекнување звање ревизор.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Усвои Известување до Управниот одбор на ИОРРСМ за лицата кои стекнале право за добивање на уверение за ревизиор.

- Разгледуваше барања за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препораки за зачленување на нови овластени ревизори.
- Разгледуваше барања за престанок на членство во ИОРРСМ и усвои Препораки за престанок на членство на членови на ИОРРСМ.
- Разгледуваше барање за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препорака за зачленување во ИОРРСМ на овластен ревизор – трговец поединец.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### е) Комисијата за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија:

- Подготви Предлог за ажурирање на преводот на Прирачникот за Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители (вклучувајќи ги стандардите за независност) издание 2025 година, кој се доставува за одобрување до Управниот одбор.
- Подготви Предлог за ажурирање на Прирачникот за преводот на Меѓународните објави за управување со квалитет, ревизија, проверка, други ангажмани на уверување и поврзани услуги, издание 2025 година кој се доставува за одобрување до Управниот одбор.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## 3. Судски постапки

Во рамки на извештајниот период јануари – март 2026 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход.

## 4. Други релевантни информации

Во рамки на овој извештаен период во согласност со принципот на меѓуинституционална соработка и размена на информации заради спречување и откривање на можни казниви дела, ИОРРСМ со Известување достави податоци и документација до Управата за финансиска полиција и Управата за јавни приходи за понатамошно постапување, а во врска со член на ИОРРСМ овластен ревизор – трговец поединец.

Ова известување беше доставено со цел понатамошно постапување на релевантните институции по однос на сознанијата до кои што ИОРРСМ дојде во рамки на контролата на квалитет кај овластениот ревизор – трговец поединец, а се однесува на доставување на податоци до ИОРРСМ со сериозни грешки и отстапувања во образецот Годишен извештај на активности (ГИА). ИОРРСМ во рамки на своите законски надлежности имаше ограничен опсег на делување, па беше побарано од институциите согласно своите надлежности да го разгледаат Известувањето.